Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), УП1 бр. 11-95/11 од 28.03.2018 година на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, на седницата одржана на 18.04.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И МАЗУТ (М-1)**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1) на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз - извоз Скопје издадена од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 Бр. 11-95/11 од 15.02.2012 година, изменета со Одлука УП1 бр. 11-95/11 од 05.03.2014 година и изменета со Одлука УП1 бр. 11-95-11 од 21.07.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр. 23/12, 46/14 и 99/17), со евидентен број "НД - 37.03.1/12.2/14.2/17" се менува по барање на носителот поради настанати промени во сопственичката структура, назив и скратен назив на носителот на лиценцата, и тоа во Прилог 1:
   - во точка 1 зборот "ДОО" се заменува со зборот "ДООЕЛ",
   - во точка 6, евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи: "НД - 37.03.1/12.2/14.2/17.2/18",
   - во точка 10 став 1 зборовите "СУПЕРТРЕЈД ДОО" се заменува со зборовите "СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ",

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, за настанати промени во сопственичката структура, назив и скратен назив на носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), УП1 бр. 11-95/11 од 06.03.2018 година.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 45 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности со Заклучок УП1 бр. 11-95/11 од 14.03.2018 година го упати барателот кои одредби од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ќе се применуваат и кои документи треба да се достават во постапката за менување на лиценцата.

Барателот постапи по Заклучокот и на 28.03.2018 година достави до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија Барање за менување на лиценцата со потребната документација.

Врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 18.04.2018 година, одржа редовна седница на која што донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1) на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз - извоз Скопје.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-95/11**
**18.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**